**Македонски Телеком АД - Скопје**

Согласно Законот за трговски друштва и Статутот на Македонски Телеком АД – Скопје (Друштвото), Собранието на Друштвото на својата годишна седница одржана на ден 24.04.2017 година ја донесе следната:

# Предлог Одлука
## за избор на членови на Одборот на директори на Друштвото

**Член 1**

Собранието на Друштвото го избира:

- Г-дин Павел Хадрболец, државјанин на Република Чешка, за Независен член на Одборот на директори на Друштвото, со мандат почнувајќи од 01.05.2017 година.

**Член 2**

Собранието на Друштвото ги констатира оставките на:

- Г-дин Валтер Голдениц, државјанин на Австрија, од позицијата Неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото, со примена почнувајќи од 24.04.2017 година, и
- Г-дин Атила Кесег, државјанин на Република Унгарија, од позицијата Независен член на Одборот на директори на Друштвото, со примена почнувајќи од 01.05.2017 година.

**Член 3**

Мандатот на избраниот член на Одборот на директори на Друштвото изнесува 4 години, согласно Статутот на Друштвото.

**Член 4**

Се обврзуваат и овластуваат Главниот извршен директор и Главниот оперативен директор на Друштвото да ги преземат сите неопходни активности за доставување на оваа Одлука за цели на упис во Централниот регистар на Република Македонија, со бришење на г-дин Валтер Голдениц како Неизвршен член и г-дин Атила Кесег како Независен член, и упис на г-дин Павел Хадрболец како Независен член на Одборот на директори.

**Член 5**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Собрание**
**Претседавач**